Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 287/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX го донесе следното:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Плусинфо.мк со текстот насловен „„„ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КОН БУГАРИТЕ ЗА СКОПЈЕ СЕГА Е ЕВРОПСКО ПРАШАЊЕ“ Јотова со провокативен говор кон Македонија“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14 ноември 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текст со наслов „„ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КОН БУГАРИТЕ ЗА СКОПЈЕ СЕГА Е ЕВРОПСКО ПРАШАЊЕ“ Јотова со провокативен говор кон Македонија“, објавен на 14 ноември 2023 на интернет порталот Плус инфо.мк (www.plusinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по основ на незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација и презумпција на невиност и заштита на сведоци.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Плусинфо.мк побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

На 23 ноември медиумот претставен од раководителот на проектот Бранко Героски во кој се вели: Оспорениот текст е класична изјава на потпретседателката на Бугарија, Илијана Јотова, пренесена преку агенциски сервис. Која „друга страна“ треба да биде прашана?
Во изјавата прецизно се пренесува изјавата на Јотова, која вели: „Политичарите во Скопје не покажуваат ниту желба ниту консензус за заемна соработка. Северна Македонија не покажува знаци за запирање на јазикот на омразата кон Бугарија. Неприфатлива и недостојна е злобата кон сѐ бугарско, која расте и поминува неказнето и таа престана да биде билатерално прашање. Јазикот на омразата на Република Северна Македонија кон Бугарија сега е европско прашање “, итн, итн...

Во жалбата се велело дека имало „елементи на прекршувања по основ на незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација и презумпција на невиност и заштита на сведоци“. Какви се овие глупости? Која втора страна требало да биде застапена? Каде има говор на омраза: Каква дискриминација? Па уште пресумција на невиност и заштоита на сведоци? Ништо не е образложено во жалбата.
И не ни може да биде образложено.

Нашиот сајт има импресум, имиња и презимиња на директорот, на уредникот, на новинарите... Како тоа жалба од некојси лик за кој не е наведено никакво својство?
А од Комисијата за жалби на СЕММ барам ваквите глупости да ги отфрла без да бара од нас одговор. Во спротивно, за оваа конкретна манипулација ќе пишувам јавно.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО.

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за пренесена изјава на потпретседателката на Бугарија, Илијана Јотова, од страна на медиумот и дека наведените одговори од страна на медиумот ја образложува во целост неоснованата жалба на жалителот.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595